РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПРИЛЕП

ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

БР. 03-1162/2
од 04.04. 2025 год.
Прилеп

Врз основа на член 27 став (5), како и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл. Весник на РСМ 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24) и член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 26 од Статутот на Општина Прилеп, Градоначалникот на Општина Прилеп го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**Се организира повторена јавна презентација и јавна анкета за**
**ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.12, ОПШТИНА ПРИЛЕП**

Опис на планскиот опфат:

Планскиот опфат за изработка на ДУП за Четврт 3, Блок 3.12, Општина Прилеп е со плански период 2021-2026, и истиот е во границите на измена и дополнување на ГУП за град Прилеп донесен со одлука бр.25-2888/5 од 28.12.2015 год. со кој е дефинирана намената на површините во планскиот опфат и кој преставува законска регулатива за изработка на ДУП за предметниот плански опфат.

Планскиот опфат кој е предмет на изработка на детален урбанистички план за четврт 3, блок 3.12, е дефиниран со следните граници:

Северо-западната граница се движи по должина на осовината на сервисната улица, ул.“Егејска” со ознака Ср4 во должина од 339,36м', врти кон југоисток каде оди по осовината на собирната улица "Марксова" (Прилепски бранители), со ознака С14 во должина од 349,84м', формирајќи ја североисточната граница, потоа врти во јужен правец по осовината на сервисната улица "Мице Козар", со ознака Ср9, во должина од 77,04м’, формирајќи ја источната граница, потоа врти во западен правец по осовината на сервисната улица “Ленин” (Архиепископ Доситеј) со ознака Ср9, во должина од 289,29м’, формирајќи ја јужната граница, потоа врти во северозападен правец по осовината на сервисната улица "Кузман Јосифоски", со ознака Ср10, во должина од 281,66м’, формирајќи ја југозападната граница на опфатот, се до накрсната точка со улица “Егејска”, која е и почетна точка на границата на опфатот формирајќи затворен полигон со периметар од 1339,77м’, со површина на планскиот опфат од **110769м2**, односно **11,08ха**.

Повторената Јавна анкета и јавната презентација ЗА ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ЗА ЧЕТВРТ 3, БЛОК 3.12, ОПШТИНА ПРИЛЕП плански период 2021-2026, ќе се спроведе со излагање на Планот во просториите на Општина Прилеп секој работен ден од 8.30 до 15.30 часот, од 23.04.2025 година до 09.05.2025 година.

Во споменатиот рок, заинтересираните граѓани и правни лица од конкретно подрачје опфатено со планот можат да доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови, а во спротивно ќе се смета дека нема забелешки и предлози по планското решение.

Јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 30.04.2025 година, во 10:00 часот во просториите на Општина Прилеп.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**на Општина Прилеп**
**Борче Јовчески**

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА ПРИЛЕП**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА**

